ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) за Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- Учесникот во изборниот процес има обезбедено ЕДБ од надлежниот орган, без назнака за “изборна кампања“;
- Финансискиот извештај за изборната кампања како и извештајот со образец за применете донации на трансакциска сметка не се изготвени согласно законски пропишаните обрасци;
- не води Регистар за донации за време на изборна кампања.

**Издадено мислење/заклучок*:** (зелено, жолто)

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

**Клучни препораки:**
- При обезбедувањето на ЕДБ задолжително да стои назнака „за изборна кампања“, како и да обезбеди и користи печат со истата назнака за потребите на изборната кампања;
- Изготвувањето на финансиските извештаи да се врши на образец согласно законската регулатива и да се води регистар на донации.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка;
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор при што оценето е дека забелешката не се прифаќа.

**Одговор на добиени забелешки:**

Одговорот на забелешките е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* (зелено) **позитивно,** (жолто) **со резерва,** (црвено) **неповолно,** (црно) **воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk